ИЗЛОЖБИ

# МЛАДИ ФОТОГРАФИ ОД СОФИЈА

***Од 19 декември во галеријата "Фотофакт", Скопје, ќе следува претставување на дипломирани студенти по уметничка фотографија од Софија.***

На изложбата на фотографии под наслов "Современа бугарска фотографија", која на 19 декември е отворена во галеријата "Фотофакт" во Скопје, а ќе трае до крајот на оваа година, претставени се 12 учесници од Бугарија. Всушност, станува збор за групна изложба на 11 дипломирани студенти на отсекот за уметничка фотографија при НАТФИЗ (Национална Академија за театарска и филмска уметност) од Софија, кои ги завршиле своите студии во периодот од 1997 до 2000 година, а зад себе сите имаат повеќе изложби и награди. Оваа гостувачка изложба е организирана од Македонскиот центар за фотографија во соработка со д-р Румен Георгиев, професор по фотографија на истоимената Академија, кој зад себе има над 30 самостојни изложби.

Учесници на оваа изложба покрај проф. д-р Румен Георгиев, се дипломците на отсекот за уметничка фотографија: Величка Керимова, Ивајло Миланов, Николај Илиев, Марија Јорданова, Николај Георгиев, Владимир Каданков, Димитар Владимиров, Александар Нишков, Емануела Димитрова, Красимир Андонов и Алекс Самунџи.

Претставените фотографии (ги има околу дваесетина) се движат во опсегот на сите вообичаени мотиви користени во фотографијата - од документарни / лајф-фотографии, пејсажи, портрети, актови, мртви природи..., како и примери на применета рекламна фотографија. Она што може да се забележи во сите претставени дела на изложбата е фактот што сите овие уметници преку работата во фотографскиот медиум го испитуваат и го применуваат ликовното низ фотографијата, односно се држат најмногу до "класичниот" израз, а понекогаш се застапени и експерименти и други истражувања. И покрај фактот што станува збор за работи што не се новина, оваа изложба на дипломираните студенти на отсекот за уметничка фотографија при Националната академија за театарска и филмска уметност од Софија може да биде интересна ако се разгледува од аспект на можностите што ги нуди Факултетот за драмски уметности во Скопје, на кој во изминативе неколку години воопшто не постои ниту наставен предмет фотографија.



*фото: Емануела Димитрова*

Маја ЧАНКУЛОВСКА